РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. 25-9519/8
27.12.2011 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 207 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05, 110/08 и 51/11) и член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08 и 53/11) постапувајќи по барањето на **Друштвото за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје** бр.25-9519/7 од 15.12.2011 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

**1. Се овластува Друштвото за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје, за вршење на стручни и технички работи во постапка за;**
(а) - **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N и O** за следните инспекциски места:
- „АМ ЦЕРТ – Стакларница“ - Скопје, ул.Првомајска бб;
- „АУТОМАКЕДОНИЈА-АД– Автокоманада“- Скопје;
- „АУТОМАКЕДОНИЈА-АД подружница Битола“, ул Краварски пат бб;
- „Центар за возила Струмица“, ул.Климент Охридски бр.47;
- „ Еуроконтрол Облешево“, ул.Јоаким Крчоски бб. - Облешево;
- „Здружение на возачи – Струга“, ул.Босна Путеви бб;
- „Брекон – Кичево“, ул.Магистрален пат бб;
- „Здружени возачи Тиквеш – Кавадарци“, ул.Шишка бб; и
- „Центар за возачи – ПРВА – Прилеп“, ул.Александар Македонски бб

(б) - **Вршење на испитување (контрола пред употреба) поради одобрување на преправено возило во кое дополнително е вграден уред за погон на возило на течен нафтен гас (ТНГ) или компримиран земјен гас (КЗГ)** за следните инспекциски места:
- „АМ ЦЕРТ - Стакларница“ - Скопје, ул.Првомајска бб;
- „АУТОМАКЕДОНИЈА-АД– Автокоманада“- Скопје;
- „АУТОМАКЕДОНИЈА-АД подружница Битола“, ул Краварски пат бб;
- „Центар за возила Струмица“, ул.Климент Охридски бр.47;
- „ Еуроконтрол Облешево“, ул.Јоаким Крчоски бб. - Облешево;
- „Здружение на возачи – Струга“, ул.Босна Путеви бб;
- „Брекон – Кичево“, ул.Магистрален пат бб;
- „Здружени возачи Тиквеш – Кавадарци“, ул.Шишка бб; и
- „Центар за возачи – ПРВА – Прилеп“, ул.Александар Македонски бб;

(в) - **Одобрување на преправени и поправени возила од категориите L, M, N и O** за инспекциското место - „АМ ЦЕРТ – Стакларница“ - Скопје, ул.Првомајска бб;

(г) - **Одобрување на тип на возило - техничка служба од категорија А**, за инспекциско место - „АМ ЦЕРТ - Стакларница“ - Скопје, ул.Првомајска бб;

(д) - **Утврдување на сообразност на делови и опрема наменети за возила, односно контрола пред пуштање во употреба определени во техничките спецификации: ТСВ 121, ТСВ 122, ТСВ 123, ТСВ 124, ТСВ 125, ТСВ 126, ТСВ 128, ТСВ 129, ТСВ 130, ТСВ 145 и ТСВ 146** на инспекциското место - „АМ ЦЕРТ - Стакларница“ - Скопје, ул.Првомајска бб.

2. РЕШЕНИЈАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА: бр.25-5698/8 од 01.12.2010 година бр.25-5698/9 од 01.12.2010 година, бр.25-5698/10 од 01.12.2010 година и бр.25-6954/2 од 20.09.2011 година, престануваат да важат.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

**Друштвото за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје**, до Министерството за економија поднесе барање бр.25-9519/7 од 15.12.2011 година со кое бара да се донесе решение за техничка служба за вршење на стручни и технички работи во постапка за:

(а) **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N и O** согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11 и 39/11) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10) за инспекциските места наведени во диспозитивот на ова решение;

**(б) Вршење на испитување (контрола пред употреба) поради одобрување на преправено возило во кое дополнително е вграден уред за погон на возило на течен нафтен гас (ТНГ) или компримиран земјен гас (КЗГ)** согласно член 7 став (1) точка 1 и член 23 став (3) точка 2 од Правилникот и за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, за инспекциските места наведени во диспозитивот на ова решение.

(в) - **Одобрување на преправени и поправени возила од категориите L, M, N и O**, согласно член 6 став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 14, 15, 17, 19, 20, 21, 23, и 24, член 7 став 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 12, 13, 14, 15 и 16 и член 8 од Правилникот и за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата за инспекциското место - „АМ ЦЕРТ – Стакларница" - Скопје, ул.Првомајска бб;

(г) - **Одобрување на тип на возило – техничка служба од категорија А**, согласно член 2 став 1 и член 38 став 3 точка (а) од Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила („Службен весник на Република Македонија" бр.132/09) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата за инспекциско место - „АМ ЦЕРТ – Стакларница" - Скопје, ул.Првомајска бб.

**(д) Утврдување на сообразност на делови и опрема наменети за возила, односно контрола пред пуштање во употреба определени во техничките спецификации:**

- ТСВ 121 - за катадиоптерите за моторни и приклучни возила,
- ТСВ 122 - за габаритните светла, предните и задните позициони светла, стоп светлата, светлата за дневно возење и бочните светла за означување за моторните и приклучните возила,
- ТСВ 123 - за покажувачите на правец кај моторните возила и нивните приколки,
- ТСВ 124 - за светлата за осветлување на задната регистарска таблица за моторните возила и нивните приколки,
- ТСВ 125 - за главните светла на моторните возила, кои функционираат како долго и/или соборено светло и за извори на светлина (светилки со вжарено влакно и друго) кои се употребуваат во одобрените светлосни единици кај моторните и нивните приклучни возила,
- ТСВ 126 - за предните светла за магла на моторните возила,
- ТСВ 128 - за задните светла за магла за моторни и за приклучни возила,
- ТСВ 129 - за светлата за возење наназад,
- ТСВ 130 - за паркирни светла на моторни возила,
- ТСВ 145 - за сигурносните стакла и материјалите за застаклување кај моторните и приклучните возила и
- ТСВ 146 - за пневматиците за моторни возила и нивните приколки и нивно вградување

согласно член 2 став (2) алинеја 3, член 19, член 28 став (1) и член 31 став (2) точка а) и б), член 38 став (1) и став (3) точка А од Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила на инспекциското место - „АМ ЦЕРТ - Стакларница" - Скопје, ул.Првомајска бб.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба од органот за одобрување – Бирото за метрологија бр.1509-14096/5 од 05.12.2011 година;
- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-023 од 21.11.2011 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;

бр.301201110062501;
- Копии од обрасците М1/М2 за: м-р Зоран Василевски, дипл. маш. инж Бојан Евтимовски, м-р Петар Таневски, дипл. маш. инж. Горан Панзов, дипл. маш. инж. Саша Котевски, дипл. маш. инж. Ванчо Накев, дипл. маш. инж. Благородна Аргирова, електромеханичар Гоце Наумовски, контролор за технички преглед Васил Илиевски, контролор за технички преглед Александар Спасовски и контролор за технички преглед Александар Стефановски;
- Доказ за склучен договор за осигурување - полиса бр.130000001387 од 14.12.2011 година;
- Договори за закуп на деловен простор и опрема за инспекциските места наведени во диспозитивот на ова решение;
- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, издадено од Централен регистар на Република Македонија бр.0904/13/1531 од 14.04.2011 година.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Управен суд на Република Македонија.

*МИНИСТЕР,*
*Ваљон Сараќини*